

# Baumit Baumacol Protect 2K

## Лесно вградлива двокомпонентна еластична водонепропустна маса




- **Голема еластичност**
- **Голема адхезија**
- **Одлична обработливост**

**Производ**

Лесно вградлив 2K еластичен водонепропустлив премаз од нова генерација. Двокомпонентен, високоеластичен, цементен водонепропустен премаз, кои со исклучителна леснотија и брзина се нанесува рачно, со ваљак или четка, а може и машинско нанесување со помош на „airless“ постапката. Се употребува за изолирање на балкони, тераси, базени, резервоари за вода итн., непосредно испод плочките. За внатрешна и надворешна примена.
Согласно барањето SIST EN 14891 се вбројува во највисоката класа CM O2 P (CM = Течно вграден цементен водоотпорен премаз, O2 =премостување на пукнатини на -20 ° C, P = постојаност во хлорисана вода), за заштита на бетонот согласно барањата на стандардот SIST EN 1504-2, како површински премаз (C) и MC - спречување на влага во бетонот со можност за премостување на пукнатини класа A4 (1,25 mm).

**Состав**

Цемент, полимерна дисперзија,песок, адитиви

**Својства**

Високо еластичен, водонепропусен, паропропусен, со одлична адхезија на подлогата, одлична обработливост, добра апликација (рачна и машинска).

**Аплицирање**

За внатрешна и надворешна примена, за изведба на континуирана хидроизолација, директно под керамичките плочки - за зидови и подови во купатила, тушеви, балкони, базени, резервоари за питка вода, тераси, кујни. Може да се користи и како лепак за керамички плочки кои се нанесуваат во посебни услови (влага и висока температура, температурни разлики).

**Облик на испорака**

Сет 20+8kg, 1 палета = 60 сета = 1680 kg

**Складирање**

12 месеци на сува заштитено од мрзнење.

**Гаранција за квалитет**

Внатрешен надзор преку нашите фабрички лаборатории

**Класификација според Законот за хемиски супстанции**

Деталната класификација по законот за хемикалии можете да ги видите во безбедносниот лист со податоците за сигурност на материјалот (во склад со членот 31 и прилогот II одредба бр. 1907/2006 Европскиот Парламент и совет од 18.12.2006.) кој може да се превземе на страната www.baumit.com или да го побарате во Баумит.

**Подлога**

Испитувањето на подлогата да се спроведе во склад со нормата ÖNORM B 3346. Подлогата мора да биде чиста, сува, незамрзната, обезспрашена, не смее да виде водоодбивна, без исцветување, носечка и без нестабилни делови.
Се нанесува на бетон, варово-цементен малтер, цементна кошулка, цементен малтер, гипс картон, саморазливни маси, разливни кошулки, керамички плочки итн.

**Подготовка на подлогата**

Израмнете и изнивелирајте ја подлогата (по потреба):
- израмнувачки малтери (Baumacol Preciso)
- самонивелирачки маси (Nivello Quatro, Nivello 30)

За подобрена адхезија, регулирање на впивливостаи подобра апликација нанесте:
- впивливи површини - Baumit Grund неразреден, сушење од 15-60 мин.
- невпивливи површини – Baumit SuperPrimer, сушење 45 мин.



Baumit Dooel
MK-1000 Skopje, Ul. Jadranska Magistrala 165 - www.baumit.mk - info@baumit.mk

**Обработка**

**Мешање**:
Ставете ја компонентата Б во сад за мешање и со соодветна ешалка мешајте со содржината на една вреќа од компонентата А се додека не се добие маса со пластична конзистенција. После мирување (околу 5 минути) уште еднаш промешајте и Baumacol Protect 2 K е подготвен за употреба.
Праксата покажала дека најпрво треба да се промеша само дел од компонентата Б со компонентата А како би се спречило појава на грутки, и после на крај се додава остатокот од компонентата Б.
**Подготвената маса треба да се употреби во рок од намногу еден час.**
**Апликација**:
Подготвениот материјал се нанесува во два слоја после нанесувањето на темелниот прајмер. За впивливи подлоги се користи прајмерот Baumit Grund (време на сушење мин. 15 минути), а за невпивливи подлоги Baumit SuperGrund (време на сушење 45 минути).
Првиот слој се нанесува на претходно подготвената површина, со нанесување со глетарица или четка, во континуиран и еднаков слој. Другиот слој се нанесува со рамна глетарка, после 24 часа, откако е нанесен првиот слој. Во зоните на спојот на зидовите и подовите, се поставуваат хидроизолациони траки Baumacol StrapFix или Baumacol StrapPlus. Одговарчки манжетни за дихтување може да се користат за дихтување на зоните околу цевките и одводните решетки. После употребата, алатот темелно се мие со вода.
За големи површини или површини изложени на големи механички напрегања првиот слој може да се појача со текстилно-стаклена мрежичка.
Керамичките облоги се нанесуваат после 48 часа од нанесувањето на вториот слој хидроизолација со лепак за плочки класа Ц2 (Baumacol FlexTop, Baumacol FlexUni, Baumacol FlexUni White).

**Напомени и општи информации**

Температурата на воздухот, материјалот и подлогата во текот на обработката и процесот на врзување треба да биде најмалку 5ºC и максимум 30ºC. Површините мораат да бидат заштитени од директно делување на сончевата светлина, дожд и ветар. Високата влажност и ниските температури можат да доведат до продолжено време на сушење. За подготовка на материјалот може да се употребува само чиста вода (вода од водовод ).

---

Писмените и усните препораки за технологијата на аплицирање дадени од нас за да му помогнат на продавачот/ апликаторот се засновани на нашето искуство и ја рефлектираат моменталната состојба на техниката во науката и практичната примена на знаењето. Сепак, се подразбира дека овие препораки не се обврзувачки. Тие не создаваат никакви правни односи или какви било дополнителни обврски во врска со договорот за продажба. Тие не го ослободуваат купувачот од обврската да ја провери соодветноста на нашите производи за предвидената намена или за сопствена употреба.



Baumit Dooel
MK-1000 Skopje, Ul. Jadranska Magistrala 165 - www.baumit.mk - info@baumit.mk